**ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**www.iph.mk**

**Ул. “50 Дивизија” бр.6, 1000 СКОПЈЕ**

**Тел: 02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354**

**ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА**

***ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И КОНТРОЛА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА***


# Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија во месец **ј у л и, 2023**




**Скопје, 16.08.2023**

Во текот на јули 2023 година, во Република Северна Македонија, пријавени се вкупно **952** заболени лица од акутни заразни заболувања *(без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)* со вкупна инциденца од **51,8 на 100.000 жители**.

Вкупниот број на пријавени лица во месец јули е за 13,1% помал во однос на претходниот месец јуни 2023 (n=1.096). Во однос на месец јули 2022 (n=606) се регистрира зголемување на пријавените лица од акутни заразни заболувања за 57,1%, додека во однос на аритметичката средина за петгодишниот период (n=1.760), се регистрира намалување од 45,9%. *(Графикон 1)*

Во вкупниот број на заболени во 2023 година, регистрираните случаи во месец јули учествуваат со 12,4%. Кумулативниот број на пријавените во 2023 (n=7.653) е за 2,8 пати зголемен во однос на кумулативата за истиот период во 2022 година (n=2.691).

***Графикон 1. Број на пријавени лица со заразни болести по месеци во 2023 и аритметичка средина***




Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ е пријавен на територија на ЦЈЗ Скопје (n=539; 56,6%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Охрид (n=12; 1,3%). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ЦЈЗ е регистрирана на територијата на ЦЈЗ Прилеп (I=119,1/100.000), а најниска е инциденца во ЦЈЗ Охрид (9,4/100.000). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ПЕ е регистрирана на територијата на Кратово (I=265,1/100.000), Крушево (I=178,9/100.000) и во Крива Паланка (I=134,7/ 100.000), а во месец јули, 3 ПЕ не пријавиле заболени лица до ИЈЗ од територијата што ја покриваат *(Табела 1 во Прилог, Картограм)*.

***Графикон 2: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во јули, 2023***




***Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања*** во јули учествуваат со 98,3% во вкупниот број на заболени во месецот и бележат инциденца од 51,0/100.000 жители. *(Табела 1)*

***Табела 1: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во јули, 2023***

| Заболување | Број | I/100.000 |
|---|---|---|
| **Ентероколитиси** | **430** | **23,4** |
| **Овчи сипаници** | **389** | **21,2** |
| **Салмонелози** | **32** | **1,7** |
| **Бактериски алиментарни инфекции и интоксикации** | **25** | **1,4** |
| **Шуга** | **19** | **1,0** |
| **Инфективна мононуклеоза** | **13** | **0,7** |
| **Скарлатина** | **11** | **0,6** |
| **Вирусни менингитиси** | **10** | **0,5** |
| **Вирусен хепатитис Б** | **4** | **0,2** |
| **Сифилис** | **3** | **0,2** |
| **Вкупно** | **936** | **51,0** |

***Првите две најчести заразни заболувања*** (ентероколити и овчи сипаници, n=819), учествуваат со 86,0% во вкупниот број на заболени, а со 87,5% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец јули 2023 година.

Во текот на јули, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **ентероколити** со вкупно 430 пријавени лица. Тие во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 45,2%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 45,9%.

Во однос на претходниот месец јуни 2023 (n=214), се регистрира зголемување на бројот на пријавени од ентероколити за два пати, а во однос на месец јули 2022 (n=251) се регистрира зголемување за 71,3%.

Во однос на аритметичката средина (n=1.128) се регистрира намалување за 61,9%

Во вкупниот број на регистрирани ентероколити во 2023 (n=1.369), пријавените случаи во јули учествуваат со 31,4%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2023 година (n=7.653), ентероколитите учествуваат со 17,9%.

Кумулативниот број на заболени од ентероколити во 2023 (n=1.369) е за 70,7% поголем во однос на кумулативата за истиот период во 2022 (n=802).

На второ место по број на пријавени заболени во месец јули се **овчите сипаници**, со 389 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 40,9%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 41,6%.

Во однос на претходниот месец јуни 2023 (n=760), се регистрира намалување на бројот на заболени лица од овчи сипаници за 48,8%, додека во однос на месец јули 2022 (n=298) се регистрира зголемување од 30,5%.

Во однос на аритметичката средина (n=408) се регистрира намалување од 4,7%.

Во вкупниот број на пријавени овчи сипаници во 2023 (n=5.535), бројот на заболените во јули учествуваат со 7,0%.

Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2023 година (n=7.653), учеството на овчи сипаници е 72,3%.

Кумулативниот број на пријавени овчи сипаници во 2023 (n=5.535) е зголемен за 3,8 пати во однос на кумулативата за истиот период во 2022 година (n=1.447).

Во однос на поделбата на **акутните заразни заболувања по групи** во јули, најголем број (n=490) припаѓаат на **цревни заболувања** (51,5%; I=26,7/100.000) *(Графикон 3)*. Од нив, најголем број, (n=430; 87,8%) и инциденца (I=23,4/100.000), се пријавите за ентероколитиси. Пријавени се и 32 случаи на салмонелози (I=1,7/100.000), 25 случаи на бактериски алиментарни инфекции /интоксикации (I=1,4/100.000), два случаи на листериоза и еден случај на џардијаза.

Во месец јули, пријавени се 416 случаи (43,7% од вкупниот број на пријави) на заболени од групата на **капкови заболувања** *(Графикон 3),* со инциденца од 22,6/100.000. Од нив, најголем број, процент (n=389; 93,5%) и инциденца (I=21,2/100.000) чинат пријавите за овчи сипаници. Во оваа група се пријавени 13 случаи на инфективна мононуклеоза (I=0,7/100.000), 11 случаи на скарлатина (I=0,6/100.000), два случаи на заразни заушки и еден случај на легионерска болест.

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** (без ХИВ/СИДА) се регистрирани 11 заболени лица (1,2%; I=0,6/100.000) *(Графикон 3)*, и тоа пријавени се 4 случаи на вирусен хепатитис Б (I=0,2/100.000), 3 случаи на сифилис и по 2 случаи на вирусен хепатитис Ц и хламидија. *(Табела 1 во Прилог).*

Во групата на **зоонози**, во месец јули, пријавен е еден случај на лајм борелиоза *(Графикон 3)*.

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, во јули се регистрирани 34 случаи (3,6%; I=1,9/100.000) (*Графикон 3*), од кои 19 случаи на шуга, 10 случаи на вирусен менингитис, по еден случај на бактериски менингит, вирусен енцефалит (WNV), токсоплазмоза, хеморагична треска со бубрежен синдорм и Конго-кримска хеморагична треска.

Регистрираниот случај на хеморагична треска со бубрежен синдорм е 66-годишно машко лице од Тетово, хоспитализирано на УК за Нефрологија. Согласно податоците од епидемиолошкото истражување на ЦЈЗ Тетово, заболениот живее во семејна куќа со водоснабдување од локален водовод, негира контакт со глодари и други животни и не патувал надвор од местото на живеење.

Регистрираниот случај на Конго-кримска хеморагична треска кој заврши со смртен исход е опишан подолу во текстот, како и во информацијата објавена на веб страната на ЈЗУ ИЈЗ на РСМ.

***<u>Графикон 3</u>: Структура на заболени по групи на заболувања во јули, 2023***




## *ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ*

Во текот на месец јули, пријавени се 6 случаи на ХИВ/СИДА.

Од пријавените лица, сите се од машки пол. Три лица се од Скопје и по едно лице од Кочани, Тетово и Прилеп (*Табела 3 во Прилог*). Лицата се на возраст од 28-51 години. Сите заболени лица се од МСМ популацијата.

Во текот на месец јули не се регистрирани смртни случаи од ХИВ/СИДА.

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 31.07.2023), кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во Р. Северна Македонија, за периодот 1987–2023, изнесува 612, и тоа:

- 123 лица починале,
- 489 лице живеат со ХИВ/СИДА.

## *ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во јули 2023 се регистрирани 6 случаи со инциденца од 0,3/100.000 жители. (*Табела 2 во Прилог*).

Регистрираните 4 случаи на вирусен хепатитис Б според возраста на заболените, не подлежат на имунизација, согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ и не се вакцинирани. Дијагнозата е потврдена лабораториски.

Регистрирани се 2 случаи на заразни заушки. Се работи за деца на возраст од една до три години од Велес и Прилеп. Во однос на вакциналниот статус, иако двете подлежат на вакцинација со една доза на МРП вакцина, вакцинирано е само едно. Дијагнозата е докажана клинички и кај двата случаи.

## СОСТОЈБАТА СО COVID-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА

Во Р. Северна Македонија во текот на месец јули, пријавени се вкупно 23 случаи на COVID-19 (I=1,3/100.000).

Во однос на претходниот месец јуни 2023 (n=29), се регистрира намалување на бројот на пријавени од КОВИД-19 за 20,7%, а во однос на месец јули 2022 (n=13.957) се регистрира многукратно намалување.

Од заболените во јули 2023, најголем број на заболени (n=11) се пријавени од Скопје, а највисока инциденца (10,1/100.000) се регистрира во Кавадарци. Пет од заболените лица се реинфекции.

Во текот на месецот не е пријавено починато лице. Регистрирани се заболени лица во сите возрасни групи над 20 години, со најголем број на случаи пријавени во возрасната група над 60 години (n=9; 39,1%).

Во текот на месец јули, тестирани се вкупно 505 материјали во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, со намалување од 51,2% во однос на минатиот месец (n=1.034).

Од почетокот на пандемијата, заклучно со 31.07.2023, пријавени се вкупно 348.379 потврдени случаи на COVID-19 (I=18.967,5/100.000) и 9.941 смртни случаи (Mt= 541,2/100.000; CFR=2,9%).

Бројот на аплицирани дози на КОВИД-19 вакцина во текот на месец јули 2023 година изнесува вкупно 8, од тоа 5 се прва, 2 како втора и една како трета доза.

Заклучно со 31.07.2023, вакцинирани се вкупно 876.142 лица со барем една доза на вакцина против COVID-19 во државата и странство. Комплетно вакцинирани (со две дози) се вкупно 857.221 лица.

***Табела 2*: Вакцинација против КОВИД-19 во РСМ**

| Доза вакцина КОВИД-19 | % вакцинирани над 18 години | % вакцинирани вкупно население |
|---|---|---|
| **1 доза** | 59,7% | 47,7% |
| **2 дози** | 58,4% | 46,7% |
| **3 дози** | 11,1% | 8,9% |
| **4 дози** | 0,59% | 0,47% |

## ЕПИДЕМИИ

Во текот на месец јули, до Институтот за јавно здравје пристигнати се 2 пријави за ***епидемии на заразна болест***, двете со дијагноза Intoxicatio alimentaris.

Првата епидемија е пријавена од страна на ЦЈЗ Скопје на 05.07.2023 година кај заболени кои конзумирале храна во ресторан во Скопје. Регистрирани се вкупно 9 заболени лица на возраст од 20-49 години, од кои 5 биле хоспитализирани.

ЦЈЗ Скопје во соработка со АХВ и ДСЗИ направи епидемиолошко истражување. Беа земени мостри од храната, брисеви од вработените и од работните површини и помагала. Во три примероци (две од храна и еден од раце) е докажано присуство на *Staphylococcus aureus*.

Ресторанот беше времено затворен од ДСЗИ. Наложена е комплетна ДДД од страна на овластена институција.

Епидемијата е одјавена на 10.07.2023 година.

Втората епидемија е пријавена од страна на ЦЈЗ Охрид на 18.07.2023 година кај деца кои престојувале во детско одморалиште во Охрид. Регистрирани се вкупно 5 заболени лица на возраст од 5-9 години.

ЦЈЗ Охрид во соработка со АХВ и ДСЗИ направи епидемиолошко истражување. Беа земени мостри од храната, брисеви од вработените и од работните површини и помагала. Во 6 примероци (3 од работни површини, 2 од раце и еден од храна) е докажано присуство на *Enterobacteriaceae* и *Enterobacter cloacae*.

Кујната во одморалиштето беше времено затворена од ДСЗИ и АХВ. На 20.07.2023 година по спроведеното генералното чистење, во кујната извршена е дезинфекција од страна на ЦЈЗ Охрид.

Епидемијата е одјавена на 28.07.2023 година.

Во текот на месец јули, пристигна и една Одјава на епидемија. Се работи за епидемијата на овчи сипаници во детска градинка во Битола, пријавена од ЦЈЗ Битола во месец април. Епидемијата е одјавена на 28.07.2023 година, со вкупно 67 заболени (деца на возраст од 1-9 години и едно лице на возраст од 20-29 години).

## СМРТНИ СЛУЧАИ

Во текот на месец јули, пријавени се 2 смртни случаи од акутни заразни заболувања (без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ).

Првиот регистриран смртен случај во месец јули е од листериозен менингит. Се работи за 81-годишно машко лице од Скопје кај кое симптомите на заболувањето започнале во месец јуни. Пациентот бил хоспитализиран од 28.06-12.07.2023 година, а починал на 12.07.2023 година на УК за неврохирургија во Скопје. Кај пациентот, покрај основната болест, регистрирани се и коморбидитети.

Вториот регистриран смртен случај во месец јули е од Конго-Кримска хеморагична треска. Се работи за 27-годишно женско лице од Штип кај кое симптомите на заболувањето започнале на 21.07.2023 по каснување од крлеж. Пациентката била хоспитализирана во КБ Штип и трансферирана во КИБФС од 25.07.2023 година, а починала на 27.07.2023 година во болнички услови.

## ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ

Во текот на јули, 2023 година во ИЈЗ се пристигнати 756 *Пријави за изолиран-докажан причинител на заразна болет и резистенција на антибиотици (Табела 4 во прилог).*

Пријави се добиени од микробиолошките лаборатории од териториите на 10 ЦЈЗ. Најголем број пристигнати пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=615; 81,3%) и ЦЈЗ Куманово (n=75; 9,9%). (*Табела 4 во Прилог)*.

Најчесто пријавувани причинители во месец јули се: *MRSA (n=200; 26,5%), HPV (n=58; 7,7%)* и *Salmonella enteritidis (n=55; 7,3%).*

Во однос на пријавите за резистенција на антибиотици, покрај *MRSA*, листа на резистенција е добиена за: *Escherichia coli, ESBL, Klebsiella pneumoniae, Pseudomonas aeruginosa* и *Salmonella enteritidis.* Во однос на лабораториите кои пријавуваат резистенција, пријавите се од микробиолошките лаборатории на територијата на ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Скопје, ЦЈЗ Струмица и ЦЈЗ Кочани.

## БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ

Во текот на месец јули, ***пристигнати се 4 пријави*** за заразни заболувања кај странски државјани кои престојувале во Република Северна Македонија.

Регистрирани се два случаи на ентероколитиси (рота вирус) и по еден случај на салмонелоза и гонореја кај лица од Норвешка, Италија, Косово и Швајцарија.

Во текот на 2023 година, регистрирани се 11 пријави за акутни заразни заболувања, 5 пријави на ентероколитис, по 2 пријави за АТИ и хепатитис Б и по една пријава на салмонелоза и гонореја. Според земјата од која доаѓаат, 4 лица се од Германија, 3 од Косово и по едно од Албанија, Норвешка, Италија и Швајцарија.

***Кузмановска Г., Караџовски Ж., Ставридис К.,***
***Кочински Д., Ќирковиќ Колевска К.,***
***Трајковска И., Положани Е.,***
***Цветановска Ж., Столеска Илиоска Р., Исмани М.,***
***Чибишева Д.,***
***Биљали Е., Фејзула А.***